**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 125/2024**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложен доверител ХАЛК БАНКА АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и ЕМБС 4627148 и седиште на ул. Св.Кирил и Методиј бр. 54, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.674/20 од 23.06.2020 година на Нотар Сашо Клисароски од Скопје, против должник Друштво за градежништво, трговија и услуги ПЛАТИНУМ ГРУП ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4043014515610 и ЕМБС 6938302 и седиште на ул.38 бр.39 Сингелиќ, и заложен должник Џезми Алија од Скопје со живеалиште на Ул.38 бр.39 Синѓелиќ, за спроведување на извршување на ден 04.06.2024 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
## (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста со фактичка состојба во моментот на реализација, со сите припадоци и прирастоци, доградби и надградби кон истата, изградени со и без правен основ применувајќи ги начелата на неделивост, акцесорност и екстензивност сега и во иднина, со следните ознаки:
ЛИСТ В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ
- КП 5964, дел 0, на ул.А.Станиќ бр.35, бр. на зграда/ др.објект 1, намена на зграда А2-2, влез 1, кат К 3, број 12, намена на посебен дел од зграда ПП, со површина од 13 м2, право на недвижност сопственост;
- КП 5964, дел 0, на ул.А.Станиќ бр.35, бр. на зграда/ др.објект 1, намена на зграда А2-2, влез 1, кат К 3, број 12, намена на посебен дел од зграда СТ, со површина од 65 м2, право на недвижност сопственост;

со запишано право на сопственост на заложен должник Џезми Алија од Скопје во имотен лист бр.104521 за КО Центар-1 во Агенција за катастар на недвижности на РСМ – Центар за катастар на недвижности во Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден **26.06.2024 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 во Скопје.

Почетната вредност на недвижноста утврдена со заклучок на извршителот И.бр.125/24 од 04.06.2024 година изнесува **4.692.645,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: заложно право – хипотеки во корист на заложен доверител ХАЛК Банка АД Скопје; Налог за извршување врз недвижност.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот Игор Антевски со бр.**250-0104023201-72 која се води кај Шпракасе банка АД Скопје** и даночен број МК5080021510736, **најдоцна до 25.06.2024 година.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на:
заложен доверител Халк банка АД Скопје
доверител Халк банка АД Скопје по и.бр.126/24
должникот/заложен должник Џезми Алија од Скопје
Град Скопје - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

X ______________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.